Врз основа на член 124 став (1) алинеи 4, 5 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 37 став (1) алинеи 4, 5 и 6 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија Скопје бр. 01-4454/2 од 16.08.2019 година и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), член 31 став (1) алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19), а во врска со Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, арх.бр.09-4408/1од 9.8.2025 г. („Службен весник на РСМ“ бр. 167/25), Програмскиот совет на ЈРП МРТ на седницата одржана на 10.09.2025 година донесе

# О Д Л У К А

1. СЕ ОДЛОЖУВА донесувањето на Одлука за објавување на јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на ЈРП МРТ, до завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје.
2. СЕ ОДЛОЖУВА донесувањето на нов Статут на ЈРП МРТ, до изборот на членови на Надзорниот одбор на ЈРП МРТ.
3. СЕ ОДЛОЖУВА донесувањето на Одлука за објавување на јавен конкурс за избор на Директор и Заменик на директор на ЈРП МРТ, до завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје и до донесувањето на новиот Статут на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија Скопје бр. 01-4454/2 од 16.08.2019 година.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Функциите на јавен радиодифузен сервис во Република Северна Македонија ги врши ЈРП МРТ. Република Северна Македонија е основач на МРТ и истата има статус на јавно претпријатие и работи на начин и под услови утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и актите донесени врз основа на него.

Согласно член 115 од Законот за ауди и аудиовизуелни медиумски услуги, органи на ЈРП МРТ се: Програмски совет на МРТ, Надзорен одбор на МРТ и директор и заменик на директорот на МРТ.

Програмскиот совет кој на 24 јуни2025 година е избран од страна на Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 124 став (1) алинеи 3, 4 и 5 е надлежен да ги избира и разрешува членовите на Надзорниот одбор на МРТ, да го избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на МРТ и да го донесува Статутот на МРТ. Идентични надлежности на Програмскиот совет се утврдени и во член 37 став (1) алинеи 4, 5 и 6 од Статутот на ЈРП МРТ.

Согласно со член 125 став (2) од Законот, членовите на Надзорниот одбор на ЈРП МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс. Поради фактот што согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 31 став (1) алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи, се одлучи како во точка 1 од диспозитивот на оваа Одлука, односно да се одложи донесувањето на Одлука за објавување на јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на ЈРП МРТ, до завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје. Во рок од 15 дена од денот на завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, ќе се донесе Одлука за распишување на јавен конкурс за членови на Надзорен одбор.

Во моментот од страна на Програмскиот совет е започната постапка за донесување на нов Статутот на ЈРП МРТ, кој е неопходен да се распише јавен конкурс за избор на директор и заменик директор на претпријатието. Меѓутоа согласно со членот 129 став (1) алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 51 став 1 алинеја 7 од Статутот на ЈРП МРТ, Надзорниот одбор на МРТ е надлежен да дава согласност на предлог-статутот на МРТ. Тоа значи дека по избор на членовите на Надзорниот одбор ќе може да се заврши постапката за донесување на Статутот на ЈРП МРТ, како што е одлучено во точка 2 од Диспозитивот на оваа Одлука.

Согласно со членот 130 став (6) од Законот за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги и член 53 став 3 од Статутот, директорот и заменикот на директорот на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен

конкурс и поднесена програма за работа на МРТ за период од три години со можност за повторен последователен избор. Поради тоа што во моментов се распишани избори, а имајќи ги во предвид членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 31 став (1) алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и поради потребата од донесување на новиот Статутот на ЈРП се одлучи како во точка 3 од диспозитивот на оваа Одлука, односно во рок од 15 дена од денот на донесување на Статутот ќе се пристапи кон објавување на јавниот конкурс и започнување на постапката за избор на директор и заменик директор на ЈРП МРТ.

Програмски совет на МРТ
Давор Пашоски
Претседател